До
НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА
ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО

ПРЕКУ
РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

во состав:
1. **проф. д-р Димитар Пандев** (претседател) – редовен професор на УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје;
2. **проф. д-р Мајлинда Нухиу** (член) – редовен професор на Универзитетот во Тетово, Филолошки факултет;
3. **проф. д-р Соња Новотни** (член) – редовен професор на Универзитетот во Тетово, Филолошки факултет.

# П Р И Г О В О Р
## НА РЕЦЕНЗЕНТСКИОТ ИЗВЕШТАЈ
**објавен во Билтенот бр. 201 на УТ од 2.2.2022 г.**

од **д-р Дијана ПЕТРОВСКА**, кандидатка на Конкурсот за избор-реизбор на наставник во сите наставно-научни звања на Универзитетот во Тетово во врска со Конкурсот за избор-реизбор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа **Лексикологија** (64019 од класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) на Студиската програма за македонски јазик и литература, објавен на 30.11.2021 г. во дневните весници „Коха" и „Слободен печат" и на веб-страницата на Универзитетот www.unite.edu.mk

ПРИГОВОРОТ се поднесува заради следните причини:

1. **Списокот на објавени научни (стручни) трудови и учествата на меѓународните научни собири со реферат не се вреднувани во последните пет години по изборот во звањето доцент.** Со оглед дека кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ е избран во звањето доцент со Одлука бр. 04-3633/1, според позитивниот Извештај на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 104 од 29.9.2016 г., последните пет години се: 2021, 2020, 2019, 2018 и 2017 година. Научните (стручните) трудови објавени во 2016 година не влегуваат во последните пет години и се јавува сомнеж дека двапати се вреднувани вкупно 19 статии (и во претходниот и во овој избор), како и 14 учества на меѓународните научни собири со реферат. Повикувајќи се на Законот за високо образование, при изборот во наставно-научното звање вонреден професор се вреднуваат само активностите по изборот во звањето доцент до денес.

2. **Нелогичности и произволности во бодовното вреднување на кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ.** При внимателно и прецизно споредување на табелите со бодови, воочлив е еден необичен парадокс кој изразен во броеви ја открива тенденцијата за неприродно зголемување на вкупните вредности. Издвојуваме:

– во табелата Наставно-образовна дејност се пресметани повеќе поени за одржување часови вежби, потоа е запишан произволен број на студенти кои учествуваат на консултации;

– во табелата Научноистражувачка дејност има двојно бодување за учество на исти меѓународни научни собири со реферат: Прва меѓународна конференција „ФИЛКО" – филологија, култура, 18 и 19 март, Штип 2016; Меѓународен научен собир „Денови на Благоја Корубин", 14 и 15 април, Скопје 2016... и така сѐ до реден број 40 во табелата. Кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ еднаш учествувал на овие собири со два различни реферата (на кои се двајца автори, односно има промена на авторството – коавторството), а двапати е бодуван, што не е случај при бодувањето на кандидатката д-р Дијана Петровска;

– според Образецот за избор со бодови во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора – секој добива по 90 % од бодовите, кога се три автори – секој добива по 80 % од бодовите, што не е случај при бодувањето на кандидатот доц.

д-р Михајло Марковиќ. Сите негови трудови и петте монографии се со двајца автори, освен еден труд со тројца автори, а се бодувани по 100 %;

– за период од 6 години е бодиран како координатор на Комисија за трансфер на студенти на СП македонски јазик и литература;

– за учество во промотивни активности на факултетот/институтот е оценет со 1 поен, а не со 0,5 според Образецот и повторно е бодирано за 6 години;

– според Образецот за избор со бодови, лекторирањето на книги носи по 1 бод, а не 0,5 како што е пресметано во табелата за кандидатката д-р Дијана Петровска.

3. **Необјективност и пристрасност.** Сакајќи да се фаворизира кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ, во Извештајот е наведен неговиот просек од студиите, а не е наведен просекот од студиите и на кандидатката д-р Дијана Петровска. Доколку подетално се согледаат оценките од студиите, произлегува дека работите стојат вака: доц. д-р Михајло Марковиќ – додипломски студии 9,62, постдипломски студии 9,25 (девет), докторски студии со просечен успех 10; д-р Дијана Петровска – додипломски студии 9,57, постдипломски студии 9,80 (десет), докторски студии со просечен успех 10. Според ова, кандидатката д-р Дијана Петровска има повисок просек од кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ.

Членот на рецензентската комисија проф. д-р Соња Новотни е ментор на магистерската теза, член во одбраната на докторската теза, член на рецензентската комисија за избор во звањето доцент, претседател на рецензентската комисија за избор во звањето вонреден професор, како и другиот автор на сите статии и на сите монографии од кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ.

4. **Потесна област на кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ е Историја на јазикот.** Подрачјето на примена на неговата дисертација е: а) во изработката и доработката на толковниот и етимолошкиот речник на македонскиот јазик; б) во специјализираните речници посветени на црковнословенската писмена традиција; в) во проучување на лексиката на македонските текстови од XIX век и изработка на речници на писмените авторски текстови од XIX век. Насловот на магистерската теза *Слепченски патерик – лингвистичка анализа* и на докторската теза *Преемственост на лексиката меѓу „Слепченскиот патерик“ и „Огледало“ од Кирил Пејчиновиќ и „Различна поучителна наставленија“ од Јоаким Крчовски* (обработка на ракописи од 14 до 19 век) на кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ, како и насловите од петте монографии на кои едниот од двајцата автори е Марковиќ, се црковнословенски јазик, предметна определница – старословенски јазик, од областа **Историја на јазикот**. Потврда за ова е COBISS и Билтенот во кој е објавена рецензијата за оцена на докторската дисертација потпишана од петчлена комисија. Додека, пак, кај кандидатката д-р Дијана Петровска две монографии имаат предметна определница – лексика.

5. **Невалидна потврда за познавање на странски јазик**. Еден од условите за избор во наставно-научно звање доцент, вонреден и редовен професор на Конкурсот за избор-реизбор на наставници во сите наставно-научни звања на УТ е да се достави потврда за познавање на странски јазик. Кандидатите треба да имаат познавање на најмалку еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), што се докажува со уверение или сертификат за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, или со соодветен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на европски тестатори, не се признава потврда издадена од Народен универзитет – Тетово.

6. **Недоволно јасни и законски сомнителни причини за учеството на доц. д-р Михајло Марковиќ на овој Конкурс!** Зошто повторно се избира доц. д-р Михајло Марковиќ во наставно-научно звање **вонреден професор**, кога еднаш, пред само четири месеци, со Одлука бр. 18-979/1 од 23.9.2021 г. овој кандидат беше избран во наставно-научно звање вонреден професор за предметите 1. Општа лингвистика; 2. Лексикологија на современиот македонски јазик; 3. Дијалектологија на македонскиот јазик? Исто така, оттогаш до денес наставно-научното звање вонреден професор за кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ е запишано и на веб-страницата на распоредот за часови.

Датум:
Тетово, 7.2.2022 г.

Подносител:
д-р Дијана Петровска, с.р.

адреса: ул. „А.Здравковски“ бр. 31, Тетово
е-пошта: dijana.petrovska@unite.edu.mk
моб. тел.: +389 70 915 790